UDK 37

ISSN 2545 – 4439
ISSN 1857 - 923X

# INTERNATIONAL JOURNAL

Institute of Knowledge Management

# KNOWLEDGE

Vol. 50. 1.

Invited Scientific Papers

SOCIAL SCIENCES

KNOWLEDGE - CAPITAL OF THE FUTURE

KIJ Vol. 50 No. 1 pp. 1 - 174 Skopje 2022

KNOWLEDGE

INTERNATIONAL JOURNAL

# INVITED SCIENTIFIC PAPERS
# VOL. 50.1

*February, 2022*

**CONTENTS**

THE IMPACT OF LOANS AND INTEREST RATES ON ECONOMIC GROWTH IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA ........ 15
Dashmir Saiti ........ 15
Borce Trenovski ........ 15
ANALYSIS OF THE POSITIONING OF THE MARKET REGIONS IN THE GLOBAL RETAIL MARKET........ 21
Yordan Ivanov ........ 21
COMPETITIVE POSITIONING OF AGILE COMPANIES........ 31
Nevena Kapor ........ 31
IMPACT OF THE COVID-19 PANDEMIC ON THE KEY FINANCIAL INDICATORS OF SMALL AND MEDIUM-SIZED ENTERPRISES IN THE TEXTILE, CLOTHING AND SHOE MANUFACTURING INDUSTRY IN BULGARIA ........ 39
Rositsa Ivanova........ 39
SPECIFIC DISCLOSURES IN THE FINANCIAL STATEMENTS OF THE PENSION INSURANCE COMPANIES IN CONDITIONS OF CRISIS ........ 45
Maia Iankova Natchkova........ 45
THE INTERNATIONAL FINANCIAL REPORTING STANDARDS AND THEIR ADOPTION IN THE UNITED STATES: PROBLEMS, TENDENCIES, PERSPECTIVES ........ 53
Hristina Oreshkova ........ 53
THE PENSION SYSTEM SUSTAINIBILITY IN KOSOVO ........ 63
Yvesa Jusaj ........ 63
Liridona Seferi ........ 63
CIRCULAR ECONOMY AS A NEW ECONOMIC-DEVELOPMENT PARADIGM........ 71
Monika Markovska........ 71
Bozidar Milenkovski ........ 71
THEORY REVIEW: HRM’S INFLUENCE IN ENHANCING EMPLOYEE EXPERIENCE DURING COVID-19........ 77
Nena Dimovska Kostadinova ........ 77
Ljupco Efitmov........ 77
HUMAN RESOURCES MANAGEMENT IN ORGANIZATIONS IMPLEMENTING SOCIAL ACTIVITIES........ 83
Daniela Krasteva........ 83
HYBRID WORK - CONCEPT OF WORK OF THE FUTURE........ 91
Goran Mihajlovski........ 91
THE COVID-19 PANDEMIC AS A “BLACK SWAN”: WHEN SHOCK BECOMES A HABIT........ 95
Bozidar Milenkovski ........ 95
Monika Markovska........ 95
FAMILY BUSINESS MANAGEMENT PROBLEMS: CASE STUDY WITH PROFESSIONAL MANAGERS IN KOSOVO ........ 101
Venet Shala........ 101
Jyxhel Spahi........ 101
APPLICATION OF THE INTERNATIONAL STANDARD CLASSIFICATION OF EDUCATION IN THE EDUCATIONAL SYSTEM (IN CASE OF BULGARIA)........ 107
Ralitsa Veleva........ 107
DIGITAL TRANSFORMATION IN EDUCATION - DIGITALIZATION OF SCIENTIFIC KNOWLEDGE AND REMOTE ACCESS TO EDUCATIONAL RESOURCES ........ 113
Anna Georgieva........ 113

EXPANSION OF DIGITAL ECONOMY AND ITS IMPACT ON PERSONALIZATION OF EDUCATION ........ 119
Anđelka Tripković ........ 119
COMMUNICATION - THE KEY TO EDUCATION QUALITY MANAGEMENT ........ 125
Snezhanka Dobreva ........ 125
COMMUNICATION IN ORGANIZATIONS IN CONDITIONS OF COVID19 ........ 131
Mende Solunchevski ........ 131
Marija Dimovska-Kotevska ........ 131
IMPLEMENTATION OF NATIONAL POLICIES IN RELATION TO THE FIGHT AGAINST INTERNAL HUMAN TRAFFICKING IN REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA ........ 139
Nada Doneva ........ 139
INDIVIDUAL REQUEST IN THE CONSTITUTIONAL COURT, IN COMPARATIVE RELATION WITH THE COMPLAINT (AMPARO INSTITUTE) IN ........ 147
KOSOVO, ALBANIA AND MEXICO ........ 147
Kadri Kryeziu ........ 147
Driola Susuri ........ 147
THE PDSA CYCLE IN THE IMPLEMENTATION OF BEHAVIORAL ANALYSIS IN CRITICAL INFRASTRUCTURE PROTECTION ........ 153
Tiana Kaleeva ........ 153
BASIC CHARACTERISTICS OF "WHITE COLLAR" AS A HIGHLY PROFILE TYPE OF CRIME 159
Milica Gavrilova ........ 159
LONE ACTOR TERRORISM AS A MODERN SECURITY THREAT ........ 165
Ilija Životić ........ 165
Daniela Trajkovski ........ 165
THE LOSS OF WORKFORCE AND ITS CONSEQUENCES TO THE NATIONAL SECURITY ...... 169
Blerim Baloku ........ 169

# IMPLEMENTATION OF NATIONAL POLICIES IN RELATION TO THE FIGHT AGAINST INTERNAL HUMAN TRAFFICKING IN REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

**Nada Doneva**
Goce Delcev University, Shtip, Republic of North Macedonia, nada.doneva@ugd.edu.mk

**Abstract:** Overall achievements in improving the social structure of combating trafficking in human beings and its relentless attack on the quality of human life, including the youngest, in terms of establishing a legal basis for organized action against it, as well as institutional coverage involving participants from all sectors of action in the direction of protection and preservation of human rights, are rooted in the well - performed analysis of the shortcomings in society and the finding of key points from which the sure step towards suppressing the emergence of the phenomenon should begin. Offering recommendations and proposals for filling the gaps and preparing the state for a concrete response that will cover all aspects caused by the continuous swing of the human trafficking within its boundaries, the implementation of the documented offers for quick reaction of the society against it, led to the creation of a structure capable to confront and resist the unstoppable and increasingly present phenomenon. The successful realization of the strategically set goals in the documents that are the basis for action in direction of prevention, suppression and control of internal human trafficking in Republic of North Macedonia, positively assessed by the international community based on the visible facts of engagement of all involved, from state institutions, non - governmental sector, to the volunteers involved in the long - term project for suppression the reasons for its occurrence, constantly sets the imperatives for a new and deeper approach to human trafficking and its termination before it is done, judging and sanctioning traders, not omitting the view from the inevitable increased need for help and care of the injured, ie the victims of the process. An integral part of the activation of the institutional structure is the direct assistance and support, ie the reintegration of persons profiled as victims of the crime of trafficking in human beings, as one of the most important elements in policies that deal with this crime at the state level. The readiness of a society to successfully return the trafficked person to its flows and developments is a success not only for the effectively reintegrated person in terms of its personal and professional security, but also for the community itself which thus prevents revictimization while strengthening the general awareness and understanding of the dangers that lead to human trafficking whose victims are subject to random selection and no individual is immune to it.
**Keywords:** human trafficking, victims of human trafficking, direct assistance and support, identification, reintegration.

# ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНИТЕ ПОЛИТИКИ ВО ОДНОС НА БОРБАТА ПРОТИВ ВНАТРЕШНАТА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Нада Донева**
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Република Северна Македонија,
nada.doneva@ugd.edu.mk

**Апстракт:** Севкупните достигнувања во правец на усовршување на општествената структура за спротивставување на трговијата со луѓе и нејзиниот немилосрден атак врз квалитетното живеење на човекот, вклучително и на најмладите, од аспект на поставување на правна основа за организирана акција против неа, како и институционална покриеност која инволвира учесници од сите сектори на дејствување во насока на заштита и чување на човековите права, имаат корен во добро извршената анализа на недостатоците во општеството и изнаоѓањето на клучните точки од кои треба да започне сигурниот чекор кон сузбивање на тековите на појавата. Нудејќи препораки и предлози за пополнување на празнините и подготвување на државата за конкретен одговор кој ќе ги опфати сите аспекти кои ги предизвикува непрекинатиот замав на тргувањето во рамки на нејзините граници, имплементацијата на документираните понуди за брза реакција на општеството против неа, доведе до создавање на структура способна да се соочи и спротивстави на незапирливиот од на сè поприсутниот феномен. Успешната реализација на стратегиски поставените цели во документите кои претставуваат основа на дејствување во насока на превенција, сузбивање и справување со внатрешната трговија со луѓе во РСМ, позитивно оценета и од страна на

меѓународната заедница на основа на видливите факти на ангажман на сите инволвирани, од државни институции, невладин сектор, до волонтерски вклучените во долгорочниот проект за потиснување на причините за нејзина појавност, непрекинато поставува императиви за нов и попродлабочен пристап кон тргувањето и неговото прекинување пред да биде сторено во целост, пресудување и санкционирање на трговците, неизоставајќи го погледот од неизбежната зголемена потреба за помош и згрижување на повредените, т.е. жртвите на процесот. Неизоставен дел во активирањето на институционалната структура претставува и директната помош и поддршка, односно реинтеграцијата на лицата профилирани како жртви на казнено дело трговија со луѓе и е еден од најбитните елементи во политиките за справување со овој криминалитет на ниво на една држава. Подготвеноста на општеството успешно да ја врати тргуваната личност во своите текови и случувања, претставува успех не само во однос на ефективно реинтегрираната личност од аспект на нејзина обезбеденост на личен и професионален план, туку и за самата заедница која на тој начин го превенира повторното виктимизирање, притоа јакнејќи ја општата свест и разбирање за опасностите кои водат кон трговија со луѓе, чии жртви се предмет на случаен избор и на која ниту една единка не е имуна.
**Клучни зборови**: трговија со луѓе, жртви на трговија со луѓе, директна помош и поддршка, идентификација, реинтеграција.

## 1. ВОВЕД

Со цел активно да се вклучи во напорите на меѓународната заедница за превенција и борба против трговијата со луѓе, Република Северна Македонија создаде мрежа на институции надлежни за превенција, заштита на жртвите на трговија со луѓе и казнено гонење на сторителите на овој криминал, кои низ бројни стратешки документи - резултат на нивната практика и истражување, постигнуваат значителни резултати на планот на борба против ова зло на денешницата, поместувајќи се помеѓу државите кои според извештаите на меѓународно ниво, котираат највисоко во однос на ефективноста на резултатите од ваквата борба. Анализата на годишните извештаи на институционалната структура за справување и борба со тргување со лица на територијата на државата, укажува на фактот на определување на РСМ сè повеќе како држава на потекло, а во извесен степен и држава на транзит и дестинација за жртви на трговија со луѓе, каде доминира внатрешната трговија со луѓе. Од 2007 година до денес, Македонија се соочува со речиси исклучиво домашни државјанки - жртви на трговија со луѓе. Особено воочлив е фактот што во над 90 % од случаите на домашни жртви, станува збор за лица кои биле малолетни во време на нивната експлоатација.

Во овој контекст, широката правна рамка во однос на борбата против трговија со луѓе е зајакната и хармонизирана, соодветно развиена и во согласност со европското законодавство и меѓународните стандарди, особено во насока на идентификација, превенција, правна помош и заштита и поддршка на жртвите. Превенцијата, идентификацијата, помошта, поддршката, заштитата, како и враќањето и реинтеграцијата на жртвите, соодветниот казнен прогон, меѓународната соработка, едукацијата на институционалните капацитети, координацијата, востановувањето на единствен информативен систем, како и информативно - пропагандното влијание врз јавното мислење, се поединечни форми на акција во целосниот одговор кој ѝ се спротивставува на трговијата со луѓе, во форма на обемни национални политики кои вклучуваат повеќе структури на дејствување.

## 2. ОПШТЕСТВЕНА ИНТЕГРАЦИЈА НА ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Идентификацијата како процес при чие остварување преку низа показатели се обезбедуваат информации (интервју, материјални докази и др.) врз основа на кои се врши проценка дали одредено лице е жртва на трговија со луѓе, по што, доколку се утврди дека станува збор за тргувана жртва, се пристапува кон нејзино згрижување и обезбедување на неопходни мерки за заштита на физичката безбедност, правата и сигурноста и пристап до соодветна помош и поддршка на идентификуваната жртва, бара воспоставување на практика на ефикасна имплементација на сите делови од нејзината целина во насока на утврдување на конкретната реализација на мерките кои едно општество ги утврдило во борбата против конкретната појава која ги руши неговите стандарди на живеење, односно во однос на тргувањето со жртви.

Трудот ги прикажува чекорите чие преземање значи исполнување и заокружување на процесот на идентификацја на потенцијални жртви на трговија со луѓе, што всушност претставува методика на третман на тргувана жртва, кој подразбира ефективно постапување со истата по пат на пружање помош и поддршка, извлекување од рамки на целосниот процес на трговија со луѓе од која била дел и нејзино повторно враќање во средината од која доаѓа, како личност ослободена од сите предрасуди во однос на самата себе дека била жртва на трговија, односно личност која ќе може да го продолжи нормалниот тек на својот живот, колку што може повеќе излекувана од последиците кои ѝ ги нанело инволвирањето во еден ваков процес. Следствено

на ова, идентификацијата и директната помош и поддршка која ја произведува, претставуваат насочување на тргуваната личност кон реинтеграција и социјално вклучување, без стереотипна условеност во однос на животните навики и планирање на сопствената иднина. Идентификацијата на жртвите на трговија со луѓе е од витално значење за обезбедување на нивните човекови права, која во еден процес на осознавање за постоење на казнено дело трговија со луѓе е од помош во откривањето на казнените дела, води кон адекватна и ефикасна казнена постапка, соодветно упатување, навремена помош и поддршка на идентификуваните жртви и нивно вклучување во програмите за реинтеграција, која спроведена по сите правила, претпоставува успешна социјална инклузија на лица кои биле дел од процеси на тргување со лица.
Меѓународната експертиза во оваа област, истакнува дека околу 65% од жртвите на трговија со луѓе не се идентификувани од различни причини (поради страв од кршење на казнените законици на туѓа држава во која се експлоатираат, недоверба во државните структури дека ќе им обезбедат помош и заштита, страв од одмазда на трговците за нив и за нивните семејства, страв од публицитет и стигматизација од средината во која живеат, недоверба во судските институции и нивната ефикасност во пресудување на делата и санкционирање на сторителите и сл.), па како резултат на тоа, неидентификуваните жртви на трговија со луѓе се лишени од неопходната помош и заштита и ним им е исклучително тешко да се вратат во нормален живот, односно да го најдат своето место во средината каде што живееле.

### 2.1. Директна помош на жртви на трговија со луѓе

Заокружениот процес од откривањето на акт на трговија со луѓе, сè до неговото пресудување, претставува етапно поделен круг на постапување на различни чинители во различни фази од активностите во поглед на негово правилно процесуирање и чекор по чекор пристапување во насока на идеално вклучување на сите постапки и мерки предвидени во легислативата која го регулира овој облик на криминално поведение и неговото ефективно пресудување, сè во смисла на успешно сузбивање и искоренување на етиолошкиот сегмент, како црв кој непрекинато го подјадува општеството во сите негови пори. Ова подразбира дека институционалната структура во своите активности насочени кон превенција, борба и справување со трговијата со лица во рамки на државните граници, треба да ја предвиди и имплементира и реинтеграцијата на тргуваните лица, како суштествен елемент од успешното спроведување на националните политики за сузбивање на овој облик на криминалитет. Реинтеграцијата подразбира процес на ресоцијализација на жртвата заради нејзино повторно вклучување во семејството или заедницата, или вклучување во нова заедница. Процесот на реинтеграција на жртва на трговија со луѓе, вклучува услуги во повеќе различни области, како: транспорт и безбедно сместување/домување, здравствена заштита, правна помош, социјална заштита, образование и економска поддршка/вработување, а со оглед на последиците и ефектите кои ги произведува сторениот акт на тргување врз одредено лице што се рефлектираат повеќедимензионално, односно од  физички, психолошки и социјален аспект влијаат на натамошното битисување на тргуваното лице, истиот подразбира мултидисциплинарен пристап во однос на жртвите на основа на утврдени стандарди на постапување во сите сфери на потребна помош и заштита.
Институционалната рамка воспоставена за практична реализација на програмите за реинтеграција на жртви на трговија со луѓе, претставува интердисциплинарна вмрежена рамка на партнерски организации кои се вклучуваат во овие процеси со точно утврдени активности во делот на поддршка и помош на примената жртва на тргување. Имено, главни учесници во процесите на помош и поддршка на жртви на трговија со луѓе се лица од следниве институционални структури на државно ниво: Канцеларија на Националниот механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе, Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа, Министерство за внатрешни работи - Сектор за трговија со луѓе и илегална миграција, Министерство за здравство, Министерство за образование и наука, Министерство за правда, Министерство за локална самоуправа, здруженија на граѓани кои во своите кадри вклучуваат стручни профили неопходни за соодветна реинтеграција на жртви, односно правник, социјален работник, психолог, педагог, дефектолог, лекар, психијатар и други лица во зависност од потребите на жртвата и кои активно се вклучени во обезбедување на неопходните услови за жртвите на трговија со луѓе во процесите на нивна идентификација, сè до реинтеграцијата во социјалната средина.
Националните стратегии и Акциски планови на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, се стратешка основа која ја потенцира и утврдува важноста на потребата од изготвување на унифицирана програма за помош, поддршка и реинтеграција на жртвите на трговија со луѓе, опфаќајќи во своите планови за дејствување посебен дел кој се однесува на директната помош и заштита која на соодветен начин треба да им се пружи на тргуваните жртви. Остварена врз основа на индивидуални планови за реинтеграција на жртви во согласност со нивните потреби, можности и интереси, а предводена по стандардите и принципите насочени во Програмата за помош и поддршка при реинтеграција на жртви, реинтеграцијата, освен непосредната полза која ја остварува за жртвите кои биле подложени на неа,

посредно влијае на подобрување на капацитетите на општеството во кое се реинтегрираат ваквите лица, овозможувајќи им подготвени услови за реадаптирање на третираните жртви, кои по добиената помош за справување со психо - социјалниот стрес, го пренебрегнуваат ризикот од судир со сиромаштија, маргинализација и социјална исклученост. Реинтеграција во државава се остварува во рамки на постоечките центри кои нудат згрижување на тргувани жртви, односно Центарот за лица - жртви на трговија со луѓе, засолништето под раководство на НВО „Отворена порта - Ла Страда“, центрите за социјална работа, како и дневните центри кои нудат програми за реинтеграција, фокусирани на психолошко советување, едукација, обуки за наоѓање работа, учење јазици, ИТ тренинг и вработување, а засновани на платформа за соработка помеѓу владините структури и граѓанското општество (склучениот меморандум за соработка помеѓу НВО „Отворена порта - Ла Страда“ и МОН). Загрижувачки во однос на реализацијата на програмите за реинтеграција на тргуваните жртви е ограничениот финансиски извор на средства кои државата ги планира и ги обезбедува за поддршка на работата на невладиниот сектор и за имплементација на програмите за реинтеграција и нивното работење и остварување базирано на странски донации, што значи повик за државата поактивно да се вклучи во обезбедување на внатрешни ресурси за задоволување на потребите од поддршка и помош на тргувани лица.

### 2.2. Поимна определба и организациски аспекти на идентификацијата на жртви на трговија со луѓе

Идентификацијата на жртва на трговија со луѓе е долготраен процес и е предвидена и се спроведува за да се осигури потребната помош на самите жртви на трговија со луѓе, а може да се врши не само од страна на полицијата, туку исто така и од страна на други специјалисти кои се во контакт со овој проблем - трудови инспектори, гранична полиција, социјални работници, експерти од разни НВО - и кои нудат помош на жртви на трговија со луѓе итн. Ефективната идентификација претпоставува мултидисциплинарен и крос - секторски пристап, кој се остварува преку создавање мултидисциплинарни тимови (мобилни и стационарни) за идентификација на жртви на трговија со луѓе, во кој се вклучени специјалисти во оваа област од сите релевантни сектори на општеството (органите за спроведување на законот, судството, социјалните услуги, невладините организации, давателите на услуги, итн.). Клучната цел на процесот на идентификација е обезбедување на сигурен пристап до потребната помош и заштита на жртви на трговија со луѓе, па во таа смисла, особено битно е истиот да биде спроведен правилно, со почитување на основните принципи на процесот во насока на брза, лесна и правилна идентификација на потенцијални тргувани жртви. Остварениот тек на правилната идентификација, води кон преземање на мерки за пружање на директна помош на идентификуваната жртва на трговија со луѓе во рамки на надлежните и расположливи капацитети во заедницата.

Прелиминарната идентификација и упатување на потенцијалните жртви кон надлежните органи одговорни за нивна службена легитимација, заштита и помош, ја вршат надлежни органи чиј кадар има контакт со жртви на трговија, како што се полицијата, трудовиот инспекторат, граничната полиција, имиграциските власти и амбасади или конзулати, која бара соработка со невладините организации кои обезбедуваат помош и поддршка на жртвите. Сложеноста на феноменот кој е предмет на обработка, нужно инволвира и бројни други структури кои врз основа на нивната активност често се среќаваат со него (социјални работници, служби за вработување, лекари, медицински сестри) и треба да се вклучат уште во фазата на првична идентификација на жртвите. Во улога на лица кои ги применуваат идентификаторите за идентификација на жртви на трговија со луѓе, најчесто се јавуваат овластени лица од редовите на полицијата или од специјализирани невладини организации кои обезбедуваат помош за тргуваните жртви и потенцијалните жртви на трговија со луѓе.

Процесот на идентификација на претпоставена жртва на трговија со луѓе, како сплет на чекори и процедури на постапување во однос на лицето кое се пријавило како тргувана жртва, го обременуваат повеќе елементи на постапување спрема истото, односно интервјуирање на потенцијалната жртва со цел конечна проценка дали навистина станува збор за жртва на тргување со лица. Понатаму, обученоста и квалификуваноста на кадарот кој во рамки на надлежните институции е овластен да контактира и работи со жртви на трговија, се генерален предуслов од кој зависи првичното прифаќање на самата жртва и натамошниот третман на истата, сè во правец на нејзина успешна репатријација во првичното опкружување и социјална инклузија без пречки во остварувањето на личен и професионален план, кога особено треба да се води сметка за рана проценка на ризикот и обезбедување на сигурност и лична безбедност на претпоставената тргувана жртва. Во овој контекст се наведува и правото на потенцијалната жртва, по нејзиното првично идентификување како таква, на период на размислување кој има за цел да му овозможи на лицето за кое се претпоставува дека е тргувано да закрепне и да се стабилизира, да избега од влијанието на трговците со луѓе и да донесе информирана

одлука за неговата иднина и за тоа дали ќе соработува со надлежните органи како сведок во постапката против трговецот чиј предмет на експлоатација бил.

**3. РЕИНТЕГРАЦИЈА**

Непосредно по самата идентификација на претпоставената тргувана жртва како таква, односно жртва која навистина била подложена на злоупотреба по пат на сторување на акт на трговија со луѓе или за време на периодот на размислување и одлучување, таа може да донесе доброволна и сигурна одлука дека сака да се врати дома, во кругот на своето семејство и заедница од каде доаѓа, откако била известена за предизвиците и ризикот од враќањето дома и откако било утврдено дека нејзиното враќање не носи закани во однос на нејзината безбедност по враќањето. Откако идентификуваната жртва ќе одлучи да се врати дома веднаш по информирањето за помошта и услугите кои ѝ се достапни, засновајќи се на нејзиниот статус на тргувана жртва, започнува процес на изготвување на индивидуален план за реинтеграција на жртвата, во согласност со возраста и проценетите потреби, можности и интереси. Индивидуален план за реинтеграција на жртви на трговија со луѓе се изготвува од страна на стручниот тим од Центарот за социјална работа/одговорно лице од Центар за лица жртви на трговија со луѓе/Прифатниот центар за странци. За домашни жртви кои не биле сместени во ЦЖТ, индивидуалниот план за реинтеграција се изработува веднаш по проценка на потребите од страна на стручниот тим на надлежниот ЦСР, во согласност со потребите на жртвата и расположливите ресурси. Времетраењето на индивидуален план за реинтеграција е до една година со активности усогласени со Програмата за помош и поддршка на жртви на трговија со луѓе, со можност за продолжување зависно од потребите на жртвата.

Имено, планирањето на услугите и мерките кои треба да се преземат во насока на успешна реинтеграција на жртвата, се заснова на претходно спроведена индивидуална проценка која се фокусира на фактори директно поврзани со жртвата, оценување на индивидуалните потреби, земајќи ги во предвид физичките и менталните состојби на жртвата и ситуациона проценка, која се фокусира на одделни ситуации од опкружувањето на жртвата, од страна на одговорното лице за жртвата (ЦСР/Национален механизам за упатување при МТСП и претставник од Здруженија на граѓани во ЦЖТ) со взаемно учество на самата жртва. Притоа, истиот се изготвува пред жртвата која била згрижена во надлежна институција (Центар за лица жртви на трговија или прифатилиште во рамки на НВО) да се врати дома, во местото на живеење и истиот започнува да се реализира, односно услугите ѝ се стаат на располагање на жртвата веднаш по нејзиното враќање, за што се запознава и информира надлежниот Центар за социјални работи, како клучна институција во процесот на реинтеграција на жртвата, кој исто така располага со индивидуалниот план и активностите на кои треба да биде подложена жртвата и нејзиното семејство во насока на задоволување на нивните потреби преку примање на достапните за нив услуги. Секој индивидуален план, нормално прилагоден на индивидуалните специфични потреби на секоја жртва одделно, гарантира семејно посредување, односно повторно соединување на семејството, обезбедување на психо - социјална поддршка, правна помош, изучување на јазик, обука за занимање, советодавни услуги и помош за вработување, како и насоки, мерки и време за нивно спроведување.

Притоа, целта на индивидуално прилагодените планови за реинтеграција на тргувани жртви, претпоставува директен третман, насочен во правец на директна промена на личноста на жртвата, по пат на кој се менува однесувањето на жртвата на трговија со луѓе, како и промена на средината со која е опкружена жртвата на трговија со луѓе, односно околностите и условите на средината кои влијаат врз нејзиното неправилно и непродуктивно социјално функционирање, а кои го отежнуваат задоволувањето на потребите, што е основно обележје на индиректниот третман.

Основни препораки и главни механизми кои овозможуваат успешна реинтеграција на жртвите на трговија со луѓе се: почетна поддршка од организацијата која ја прифаќа жртвата, што вклучува помош при пристигнувањето на жртвата, итен и сеопфатен медицински/психолошки преглед или третман, краткотрајно сместување и помош при разни други социјални, правни и економски потреби на жртвата; подолгорочна поддршка при реинтеграцијата од страна на организацијата која ја прифаќа жртвата или упатување на жртвата кон други организации или кон државата, која вклучува: медицински и психолошки преглед и третман, семејно посредување и советување, мониторинг на процесот за реинтеграција во местото каде престојува жртвата, мониторинг на подготовките за сместување и згрижување на деца - жртви на трговија со луѓе, помош при враќање во училиште, правно советување и застапување на жртвите кои се сведоци на криминални дела; владина поддршка за жртвата (Министерство за труд и социјална политика, Министерство за образование и други), во форма на социјално и професионално советување, стручна обука, помош во врска со здравствената состојба, заштита и различни форми на враќање во образовниот процес.

Истата подлежи на мониторинг и постојана евалуација од страна на институцијата која ја поддржува жртвата во процесот на нејзина реинтеграција, при што се следат промените кај жртвата на трговија во однос на планираните активности со можност за нивна промена и постигнатите резултати кај лицата вклучени во реинтеграцијата, на основа на што се утврдуваат предностите и слабостите на тековниот процес на реинтеграција што ќе овозможи подобрување на планирање на процесот на реинтеграција на жртвата, како и на вреднување од страна на самата жртва која е корисен показател за предностите и слабостите на дадените услуги и постигнатите резултати во насока на детектирање на можности за воведување на нови услуги во согласност со индивидуалните потреби на жртвата.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Република Северна Македонија е оценета како држава која целосно ги исполнува минималните стандарди за борба и искоренување на трговијата со луѓе во рамки на нејзините граници и трговијата која се случува надвор од нив, што подразбира и ефектуирање на минималните стандарди за квалитет на услугите за жртвите на трговија со луѓе кои се прецизно одредени како неопходни и потребни во секој конкретен случај, како и од аспект на она што се очекува од нивната примена, но и покрај ваквата одредница, иднината треба да донесе активности за преземање на дополнителни чекори во насока на зајакнување на националните капацитети кои нудат помош при реинтеграција на жртвите. Сепак, обезбедените услуги не ги покриваат сите потреби на корисниците и не секогаш обезбедуваат нивна (ре)интеграција во општеството во тешките услови на модерниот живот. Покрај тоа, сè уште не е можно да се заштити интимноста на приватниот живот и идентитетот на сите жртви на трговија со луѓе. На основа на досега реченото, јасно се издвојуваат главните институционални механизми во процесот на реинтеграција на жртвите, кои работат во насока на обезбедување на поддршка на тргувани жртви на државно и на локално ниво. Покрај работата на владините тела, особено препознатлива и потенцирана е улогата на невладините организации кои работат на овој проблем како битни чинители во процесите на реинтеграција, која е особено видлива преку соработката со расположливите владини капацитети на овој план и која и понатаму треба да се одржува, но и да се зголемува и продлабочува. Недостаток во поттикнување на проактивна реализација на плановите за реинтеграција е финансискиот дел од целосниот комплет на активности, што треба да претставува аларм за Владата која треба да го обезбеди остварувањето на програмите за реинтеграција, продолжувајќи ја поддршката која се стекнува од меѓународните тела, но и обезбедувајќи повеќе внатрешни ресурси за преточување во живот на ваквите планови кои значат помош на жртвата, но и на нејзиното опкружување и на општеството во целина, преку повторно вклучување на претходно исклучените лица од основните општествени процеси.

## БИБЛИОГРАФИЈА

Берман, Ж., Брадиќ, Д., & Маршал, Ф. (2014). Проценка на потребите: Трговија на луѓе во Западен Балкан. Geneva: International Organization for Migration.

Влада на Република Македонија. Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија. (2016). Национален акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Република Македонија 2017 - 2020. Скопје.

Влада на Република Македонија. Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Република Македонија. (2016). Национална стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Република Македонија 2017 - 2020. Скопје.

Влада на Република Македонија. Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција. (2010). Стандардни оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе (СОП). Скопје.

Здружение на граѓани за еднакви можности „Еднаков Пристап“ - Скопје. (2012). Прирачник за идентификација и директна помош и поддршка на жртви на трговија со луѓе и ранливи групи. Скопје.

Меѓународна организација за миграции - IOM. (2007). Компаративна анализа на меѓународните инструменти и македонското законодавство за борба против трговија со луѓе и нелегална миграција. Скопје.

Меѓународна организација за миграции - IOM. (2007). Прирачник за директна помош на жртвите на трговија со луѓе. Женева: International Organization for Migration.

Министерство за труд и социјална политика на Република Македонија. (2014). Индикатори за идентификација на жртви на трговија со луѓе. Скопје.

Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија. (2014). Програма за помош и поддршка при реинтеграција на жртви на трговија со луѓе. Скопје.

Министерство за труд и социјална политика на Репоублика Македонија. (2014). Програма за помош и поддршка при реинтеграција на деца - жртви на трговија со луѓе. Скопје.

Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија. (2014). Програма за помош и поддршка при реинтеграција на лица (деца и возрасни) со специјални потреби - жртви на трговија со луѓе. Скопје.

Фомина, Т., & Вогиаци, М. (2012). во соработка со АРИАДНЕ мрежа против трговија со луѓе во Југоисточна и Источна Европа. Регионални упатства за идентификација на жртвите на трговијата со луѓе, Правилник (прирачник) за Југоисточна и Источна Европа. Скопје: Ариадне мрежа.

Brysk, A., & Choi - Fitzpatrick, A. (2012). From human trafficking to human rights> Reframing contemporary slavery. Philadelphia: University of Pennsylvania Press.

https://2001-2009.state.gov/g/tip/rls/fs/34563.htm

http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/Programa_reintegracija_lica.pdf